Врз основа на член 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) на основачкото Собрание одржано на ден 05. 08. 2017 година, се усвои и донесе следната :

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА ШАХОВСКИ КЛУБ ЛАСКЕР

## ОПШТИ НАЧЕЛА

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на РМ и Законот за спорт, како и Статутот и целите на своето дејствување, ШАХОВСКИ КЛУБ ЛАСКЕР од Охрид (во понатамошниот текст на Програмата со назив: ШК ЛАСКЕР), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во општина Охрид, Дебрца, Струга и Вевчани.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од Програмата за работа на ШК Ласкер, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар, поранешни шахисти како и други релевантни фактори во општината.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Здружението, ШК ЛАСКЕР од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички цели и интерес за организирано бавење со спорт во Охрид, Дебарца, Струга и Вевчани. Како посебни цели и задачи се утврдуваат :

- Поттикнување, омасовување и развој на шахот како спорт во Охрид, Дебарца, Струга и Вевчани
- Развивање и усовршување на системот на натпревари,
- Го стимулира развојот на шаховска школи во рамките на клубот,
- Стручно усовршување на своето членство,
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.,
- Соработува со другите спортски организации и клубови,
- Пропаганда и афирмација на шахот во општините и пошироко

## Планирање и развој

Глобалниот план за развој на ШК Ласкер во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

## ОБЈЕКТИ :

КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

- Користење на училишни сали организирање на Општински натпревари во шах.
- Користење на други објекти во општината за организирање на Отворени првенстав во шах.

## АКТИВНОСТИ :

*СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ*

Во рамките на ШК Ласкер ќе се формира Шаховска Школа Ласкер која и понатака ќе ги опфаќа младите членови од општина Охрид, Дебрца, Струга и Вевчани. Преку редовните тренинзи во Шаховска Школа Ласкер, преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни шахисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци на Република Македонија.

За таа цел, ќе биде изготвена програма за работа на Шаховска Школа Ласкер со распоред на тренинзите и натпреварите.

## НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, во Шаховска Школа Ласкер, членовите на Шаховскиот клуб Ласкер ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на Отворените шаховски турнири организирани од Шаховската федерација и другите шаховски клубови во Македонија. Со учеството и настапите на натпревари, младите шахисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како шахисти и натпреварувачи.

Екипата на клубот, ќе зема учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, општинскиот сојуз и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на Шаховската Федерација на Македонија, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со клубови и друштва од други земји.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

### СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

- Членарина од учесниците во Шаховската школа
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

### ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

- Средства од буџетот на општината

### СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на шахот и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

05.08. 2017 година

СОБРАНИЕ НА ШАХОВСКИ КЛУБ

ЛАСКЕР

П р е т с е д а т е л,

__________________